Трајан ПАНЕВ

# НОВИОТ СВЕТСКИ ПОРЕДОК И СТРАТЕГИЈАТА ЗА НЕГОВОТО ОСТВАРУВАЊЕ

Ако до пред извесно време кај голем број истакнати аналитичари и теоретичари на меѓународните односи и постоеше извесна контроверзност и противречност во ставовите околу тоа дали постои или не нов светски поредок, како и (не)можноста од негово воспоставување[1], денес по нападите на НАТО врз СРЈ сосема е извесно дека е на повидок нова фаза во развојот на меѓународните односи - фаза на реализација на т.н. нов светски поредок, предводен од САД, како единствена супер сила во светот на која ѝ се приклучија и големите европски сили, нивните западни сојузници.[2] Засега сите други ривали (посебно Русија) се елиминирани и во тој нов светски поредок се поставуваат правилата на однесување во меѓународната заедница онака како што тоа ѝ одговара на водечката сила во светот. Всушност, во тек е процес на ревидирање на меѓународното право и меѓународните норми на однесување во постојниот меѓународно-правен поредок и на нивно место како врвни критериуми постулирани се моќта и интересите. Дешифрирајќи ја крајната цел на новиот светски поредок кој сака да се оствари, ќе видиме дека, всушност, се работи за завладување на светот во кој ќе доминираат глобалните западни а, пред сѐ, американските интереси, односно свет во кој наместо поткрепување и зацврстување на меѓународното право имаме креирање на меѓународна јавна и прагматична реалполитика (која се темели на новите извори на моќта), наспроти политичкиот консенсус помеѓу сите членки на ООН, мали и големи, богати и сиромашни, врз чија основа единствено ООН би можела повторно да го поврати својот авторитет, односно да создаде легитимност која засега ѝ недостасува на оваа организација во зачувувањето на светскиот мир и безбедноста.

---

[1] Пошироко види кај Cristopher Cocer, „Britain and The New World Order - The Special Relationship" in The 1992, Internacional Affairs, july, 1990, стр. 5. Аргумент кој укажува на американската заложба и можноста за обликување на „новиот светски поредок" и неговата финансиска поткрепа наоѓаме и во статијата „Втор американски век", објавена во весникот „Washington Post", а пренесена во „Нова Македонија" - Избор од 23.06.1996 година.

М. Стојковић, „Утврђивање елемената (не)постојање „новог светског поретка", Зборник радова, „Нов светски поредак" и политика одбране СРЈ, Београд, 1993, стр. 110.

[2] Дека станува збор за процес на практична реализација на новиот светски поредок експлицитно укажува и Р. Вукадиновиќ во радио емисијата *Мост*, презентирана на радио Слободна Европа, а пренесена во „Нова Македонија" - Избор од 10,11 и 12.04.1999 година.

Ако се анализираат елементите и стратегијата на надворешната политика и сегашниот стремеж на САД за воспоставување на нов светски поредок, може да се согледа дека таквите сфаќања не се нови, тие се наоѓаат во традицијата на американското настапување во историјата на XX век, односно во принципите на либералната идеологија на уредување на светот, своевремено изложена од страна на Вудро Вилсон во 14 точки (јануари 1918)[3], а покасно пополнети и обновени, согласно со новите прилики во Атлантската повелба од страна на Рузвелт и Черчил (август 1941). По Втората светска војна, а особено по надминувањето на студената војна, во која САД излегоа како победници, оваа заложба за светска хегемонија е заговарана од огромен број надворешно-политички стратези на САД, но целта на новиот светски поредок која сега, на прагот на XXI век, се обидува да ја реализира Клинтон. Најексплицитно ја формулирал водечкиот стратег на американската надворешна политика, некогашниот амбасадор на САД во СССР и Југославија, Џорџ Кенан. Во Извештајот за политичките насоки бр. 23 (ппс-23), кој овој бивш пацифист, но и врвен стратег, го напишал за Стејт департментот во 1948 година, покрај другото вели: „Ние имаме околу 50% од светското богатство, а само 6,3% население... Во ваква ситуација не можеме да ја избегнеме зависта и презирот на другите. Наша најголема задача во наредниот период е да ја осмислиме формата на односите кои ќе ни овозможат да ја задржиме оваа несразмерна позиција... За да би можеле да го оствариме тоа, ние мора да се ослободиме од сите сентименталности и фантазирања и целото внимание да го сконцентрираме на непосредните цели на Америка... Ние треба да престанеме да расправаме за нејасните и неопределените цели, како што се човековите права, подобрување на животниот стандард и афирмација на демократијата. Наскоро ќе мора да настапуваме од позиција на сила. Затоа, што помалку ни пречат таквите идеалистички пароли, толку подобро за нас.[4]

Тој егоистички, агресивен цинизам и политички дарвинизам кој е карактеристичен за целиот проект, а кој денес, на прагот на XXI век, САД го нудат како нов светски поредок, се реализира со брутална и

---

[3] Иако В. Вилсон се смета(л) за апостол на правото за самоопределување на народите - мислење кое тој јавно го искажува во една од 14-те точки, во практиката всушност работи против сувереноста на другите народи и држави. За тоа најдобро зборува извршената инвазија на Хаити и на Доминиканската Република со која го уништил политичкиот систем, ја зацврстил власта на американските компании и го подготвил теренот за идните расипани и немилосрдни, но послушни диктаторски режими во овие земји. (Види пошироко кај Ноам Чомски, „Шта то у ствари хоће Америка", Београд, 1994 год., стр. 17)

[4] Исто, стр. 15

невидена сила и страст спрема една суверена држава, каква што е СРЈ (засега таа, а утре и некоја друга ако не го почитува диктатот на САД), и тоа не заради некакви хуманитарни мотиви и цели,[5] како што се обидуваат да го прикажат на светската и домашната јавност, туку првенствено заради обезбедување на политичка доминација и контрола на глобалните природни ресурси од страна на САД и неколку други светски водечки сили. Во прашање се значајни заеднички економски и политички интереси, било да станува збор за обезбедување на неопходни количини на суровини и енергија кои живот значат, контрола на значајни геополитички региони преку кои ќе го контролираат светот,[6] а во таа смисла и контрола на клучните сообраќајни артерии, освојување на нови пазари, ефикасно наплатување на долговите, казнување на непослушните мали земји или, во најмала рака, префрлување на последиците врз нивните плеќи - последици кои тие, со своето воено ангажирање, ги предизвикуваат, како што е тоа случај со бегалците од Косово во нашата земја.

## АМЕРИКАНСКАТА СТРАТЕГИЈА И НАЧИНОТ НА НЕЈЗИНОТО ОСТВАРУВАЊЕ

Врз основа на искуството од однесувањето и настапот на САД од распаѓањето на СССР како супер сила до денес (Персиската криза, граѓанските војни во бивша Југославија - во Хрватска, во Босна и Херцеговина и најновата во Косово, проследена со воена интервенција врз СРЈ), може да се заклучи дека американската стратегија во реализацијата на новиот светски поредок, во суштина ја следи основната премиса утврдена уште во XIX век, од страна на познатиот теоретичар на воената мисла и практика, прускиот генерал Клаузевиц, според

---

[5] Дека спречувањето на „хуманитарната катастрофа“ на Косово не била основниот мотив за интервенција на „меѓународната заедница“, односно на НАТО врз СРЈ зборуваат следните неколку карактеристични случаи во кои не се интервенирало: граѓанската војна во Алжир, во Руанда, во Судан, во Сомалија, во Етиопско-еритрејската војна и во голем број други случаи на хуманитарна катастрофа (егзодусот на палестинскиот, курдскиот, српскиот народ во Хрватска и др.).

[6] Дека геополитиката претставува основна варијабла на американската надворешна политика - политика на проширување на националните и државните интереси на САД на глобален план укажуваат и ставовите на поранешниот советник-стратег на Белата куќа, Збигњев Бжежински. Тој во својата неодамна објавена книга „Големата шаховска табла - Америка и останатиот свет“, образлагајќи ја американската геополитичка концепција на прагот на XXI век, покрај другото вели: „Ако Америка сака да го контролира светот ќе мора да го контролира центарот на планетава - Евро-Азија и Централна Азија... Оној кој ги контролира овие простори го контролира светот“. („Нова Македонија“ - Избор од 21 и 22 февруари 1998 година).

кого стратегијата претставува умешност на водење на боевите до главната битка. Имено, гледано од денешен аспект, политичките, дипломатските, економските, техничко-технолошките, информативно-пропагандните (медиумските), религиските и другите судири (условно кажано) се „боеви" кои треба да се добијат за да може успешно да се реализира главната битка, односно цел. Значи, основниот стратегиски принцип на американската стратегија е да се добијат сите боеви пред главната битка, што преведено на практичен план значи потчинувањето на светот да се оствари без борба, со негово завладување по пат на „меки" и „мирни" средства, низ негово присилно сообразување со егоистичките општествени и политички вредности, моделите, институциите, интересите и потребите на владеачката сила во светот и нејзините сојузници како врвна уметност и вештина на господарење (иако сите тие боеви продолжуваат и за време на главната битка - воената битка). За остварување на оваа стратегија, која всушност претставува разработка и усовршување на Сун Цуовата максима[7] само сега на планетарно ниво, САД воспоставуваат различни нивоа на интеракција со сите субјекти во своето опкружување, кои влијаат или можат да влијаат на исходот на главната битка. Во таа смисла тие воспоставуваат интеракција со официјалните органи на светската организација, со сопствените сојузници, особено со членките на НАТО, но и со членките на „Партнерството за мир" кои го прифаќаат нивното водство, со останатите земји на светот, со објектот спрема кој е насочено дејството и неговите сојузници (ако ги има!) и на крајот спрема светската и сопствената јавност. Севкупната стратегија се остварува со осмислени, прецизно програмирани и временски димензионирани поливалентни интеракции со опкружувањето, а методите, средствата и интензитетот на настапот зависи од субјектот спрема кој се насочени.

1. Настапот на САД спрема и во органите на Обединетите нации, определен е од доминантната улога и влијанието кои тие го имаат во меѓународната заедница, па според тоа и во органите на ООН, особено во Советот за безбедност. Сите нивни активности спрема ООН, а особено спрема Советот за безбедност, во основа, се насочени кон добивање на поддршка (изгласување на резолуција) со која би се легализирале планираните активности против објектот на дејството. Во таа смисла

---

[7] Истакнатиот воен мислител, стратег и филозоф на стара Кина, Сун Цу, во своето дело „За воената вештина" во третото поглавје, под наслов „Офанзивна стратегија", покрај другото вели: „Најдобра политика во војната е државата да се заземе нетакната, без крв..., бидејќи добивањето на стотина победи во стотина битки не е највисок врв на вештината. Да се потчини непријателот без борба е највисока уметност во војувањето (Сун Цу, „За војнената вештина" преземено од *Теорија о рату*, ВИЗ, Београд, 1981, стр. 19)

особено се настојчиви во легализирањето на правото на воена интервенција, при што, како сервис на ООН за моделирање на меѓународните односи ги нудат своите вооружени сили или силите на НАТО како некакви „интернационални сили", секогаш се разбира, во согласност со своите стратегиски цели. Во услови кога правото на воена интервенција не можат да го легализираат преку Советот за безбедност, поради ветото на некоја од членките во Советот за безбедност, тие тоа го прават самостојно или заедно со своите сојузници. Примерот со употреба на воена сила спрема СРЈ тоа најдобро го илустрира. При сето тоа, САД се во позиција не само да ги оправдаат сопствените намери, туку и одлуките на официјалните органи на ООН (Советот за безбедност, Генералното собрание, меѓународните и други институции), како одлуки кои се од интерес за меѓународната заедница.

2. Настапот на САД спрема сојузниците се темели на порано потпишаните договори, со кои се регулирани и прашањата (условите) за можните воени интервенции во одделни стратегиски региони во светот. Суштината на таквиот настап е добивање на поддршка за планираните активности, обезбедување на учество на сојузниците во тие активности, било да станува збор за материјална или за финансиска помош или, пак, за непосредно воено ангажирање против објектот на дејството или, во најмала рака, за користење на нивната територија или небо за логистичка и воена поддршка (ваквиот настап е насочен и кон земјите кои се вклучени во иницијативата „Партнерство за мир"). Притоа САД имаат „разбирање" за историските, територијалните, националните, економските и другите фактори како причина (формална) за неучествувањето на некој сојузник во планираните активности против објектот на дејството, но тоа не го заборавaат, а сојузникот своето неучествување го надополнува со други мерки, првенствено со финансирање на неговите напори или на последиците кои би произлегле од военото ангажирање.

3. Настапот на САД спрема останатите земји, било да станува збор за земји кои имаат релативно висок степен на потенцијална или вистинска моќ во меѓународните односи (Кина, а особено Русија, како светска воена сила) или за земјите кои го сочинуваат Третиот и Четвртиот свет[8] во суштина е ист, само методите се различни - добивање на максимална поддршка за планираните активности против објектот

---

[8] За карактеристиките на полупериферните (заостанати со одредени црти на развој) и периферните (крајно сиромашните) општества, односно за т.н. Трет и Четврт свет види пошироко кај М. Печујлиќ, „Критичка теорија савременог друштва", Завод за уџбенике и наставна средства, Београд, 1991, стр., 10-12.

на дејството, или обезбедување на воздржаност и немешање во судирот, па дури и давање на можност за нивно учество под определени услови кои кореспондираат со интересите на САД и неговите сојузници. Спрема земјите од т.н. Трет и Четврт свет настапот е во непосредна тесна корелација и со достигнатиот степен на меѓусебните односи (политички, економски, безбедносни), во кој САД со една долгорочна стратегија, најчесто, веќе имаат обезбедено определена поддршка со мноштво политички, дипломатски и особено финансиски и економски мерки. Често пати, како што покажува практиката, овие земји и не се прашуваат за преземените активности. Тие можат и да не дадат поддршка, но најчесто не ги осудуваат преземените активности, плашејќи се дека ќе бидат изземени од определени финансиски и економски аранжмани (престанок на економската помош, прекинување на кредитните линии и др.) без кои овие земји не можат да обезбедат економски развој и разрешување на огромен број социјални, национални и др. проблеми.

4. Настапот на САД спрема сојузниците на државата која е објект на дејство (ако ги има) главно е насочен кон обезбедување на нивно неангажирање во главната битка. Досегашните искуства од водењето на војните укажуваат на фактот дека некои договори за сојузништво и не се почитуваат, особено во ситуации кога некои од сојузниците треба да се спротистават на доминантната сила, како штоа тоа е денес САД. Во таа смисла однесувањето на некои од сојузниците на објектот на дејството, како што се примерите со Ирак и сега со СРЈ, под притисок на САД многу брзо го напуштија сојузништвото и се свртија кон спротивната страна, ценејќи дека на тој начин поефикасно ќе ги остварат или заштитат своите државни и национални интереси. Во поизострената страна на настапот на САД спрема сојузниците на објектот на дејството присутна е политиката на закана, односно давање на знаење дека и тие ќе бидат изложени на исти такви непријатности доколку ја поддржат или ѝ помагаат на земјата - објект на дејството. Тој настап, во основа, има две димензии кои се наоѓаат во тесна релација „поклон-страв“. Имено, често пати, а тоа на примерот на СРЈ се потврдува како константа на однесувањето, САД неучествувањето на сојузниците на страната на објектот на дејството го остваруваат со давање на разновидни отстапки и погодности (најчесто економски и финансиски), кои во краен случај не го доведуваат во прашање нивниот интерес. Впрочем, однесувањето на Русија по повод воената интервеција од стана на САД и нејзините НАТО сојузници врз СРЈ како нејзин сојузник тоа најдобро го потврдува. Оваа земја, со по-

тенцијална и вистинска моќ и со подударни геополитички и стратегиски интереси со својот сојузник СРЈ, се очекуваше да ѝ даде силна поддршка на своите пријатели на Балканот. Меѓутоа, поради финансиската и економската зависност од САД и неговите западни сојузници,[9] таа само вербално се спротистави на воената акција на НАТО, однесувајќи се мошне претпазливо и водејќи сметка да не ги доведе во прашање врските и односите со нив. Сето ова укажува колку проценките на САД и на НАТО биле точни, дека Русија е слаба, дека е ранлива и дека засега не е способна да дејствува, било како сојузник на СРЈ, било како ривал на САД на стратегиски план.

5. Основниот настап на САД спрема објектот на дејството (како што тоа се покажува на примерот со СРЈ), пред да започне главната битка, се сведува на преземање на мноштво активности од политички, дипломатски, економски, пропагандно-психолошки и друг карактер. Во почетокот се преземаат мноштво постапки од дефанзивен карактер, како што се: прекинување на дипломатските односи со противникот, препорака до своите граѓани да ја напуштат земјата објект на дејството и да не патуваат во неа, протерување на нејзините дипломати од сопствената земја и др., а потоа следат засилени активности од офанзивен карактер кои, главно, се пресметани на слабеење на одбранбената моќ на објектот на дејството. Од мноштвото офанзивни активности особено се применуваат следните: економско ембарго или блокада (или обединето - економски санкции), силна разузнавачка активност заради пронаоѓање на истомисленици во земјата објект на дејствата и обезбедување на нивна поддршка, вршење на силна пропагандно-психолошка активност заради создавање на услови, со кои, од една страна ќе ги оправдаат постапките, а од друга страна ќе ја дезавуираат официјалната власт. Особено внимание САД, сами или заедно со своите сојузници, посветуваат на дејствата кои се насочени кон поддршка на бунтовничките и сепаратистичките (вооружени) сили во земјата објект на дејствата, која може да биде вербална - јавно спротиставување на активностите кои ги презема официјалната власт во земјата или нивна материјална поддршка - довлекување на оружје и опрема за бунтовничките сили, нивно финансирање, организирање и обучување. Сето тоа е проследено со зголемување на интензитетот на барањата за политички отстапки од земјата која е објект на дејството,

---

[9] Дека однесувањето на Русија по нападот на Алијансата врз СРЈ е во директна корелација со нејзината финансиска и економска помош од САД и од неговите моќни сојузници зборува најновиот аранжман со ММФ околу доделувањето на 5,9 милијарди долари за руската економија. (Види „Нова Македонија“ од 24.04.1999 год.)

по принципот „земи или остави“, доведувајќи го противникот во ситуација да каже - не, а тогаш, довлечкувајќи и распоредувајќи дополнителни вооружени сили во регионите и во земјите кои се граничат со противникот, ги забрзуваат активностите во насока на воено решавање на судирот,[10] кој се решава во главната битка со употреба на електронски дејства и „дејства од отстојание“ на високо софистицираните и моќни воздухопловни и поморски сили.

Сценариото на главната битка[11] во современи услови се одвива по принципите на т.н. повеќедимензионални или, како што уште ги нарекуваат, седимензионални операции. Во реализацијата на овие операции се поаѓа од следните основни принципи: а) тоталност на судирот (примена на политички, економски, воени, дипломатски, информативни, техничко-технолошки, културолошки, верски и др. активности); б) непрекинатост на дејствата (во време на мир и во време на судирот); в) постапност (се настојува судирот да се реши со невоени средства, а ако тие не ги дадат очекуваните резултати, тогаш се употребуваат воени сили, средства и методи); г) селективност, односно т.н. „проекција на силите“ (сили доволни за реализација на операцијата); д) сеопфатност на силите (цивилни и воени сили); ѓ) изведување на воените дејства од сите димензии (користење на копното, морето, воздушниот простор и космосот); е) различно димензионирање на времетраењето на невоените и воените судири (се тежи кон изразито краткотраен воен судир до почетокот на главната битка); ж) обезбедување на „меѓународен легитимитет“ (поддршка од ООН, односно од Советот за безбедност, а ако таа изостане, тогаш настапуваат самостојно или заедно со своите НАТО сојузници); з) создавање на нерамноправен однос на силите, односно т.н. „јаз на моќта“ пред почетокот на главната битка (со својата позиција и моќ во светот САД до своите партнери успеваат да обезбедат огромен број на земји да застанат на нивна страна) и ѕ) определување на целта однапред (да се присили противникот да се повлече заради остварување на нивните сопствени

[10] Огромен број на надворешно-политички аналитичари на меѓународните односи укажуваат дека на „преговорите“ за Косово во Рамбуе, на кои спротиставените страни и не се сретнаа (преседан во досегашната историја), СРЈ била доведена во ситуација да кажа - Не, затоа што тој договор не овозможуваше политичко решавање на кризата, туку создавање на услови за независно Косово и распарчување на една суверена држава со помош на силите на НАТО, што ниедна суверена држава, па ни Југославија не можеше да го прифати, а што послужи како претекст за интервенција.

[11] Во своето познато дело „За војната“, Клаузевиц, поставувајќи го прашањето што е главна битка вели: „Борба на главните сили, но стварно не безначајна борба за определена споредна цел, не само обид кои се напушта откако ќе се види дека целта тешко ќе се постигне, туку борба со потполно напрегнување на силите за вистинска победа“ (Клаузевиц, „За војната“, „Војно дело“, Београд, 1951, стр. 39.

интереси). Имајќи го предвид фактот дека на горенаведениот начин, САД со своите партнери ги „добиваат" политичките, економските, дипломатските, пропагандните и другите битки, на крајот ѝ преостанува со воени - оружени дејства да ја обезбедат „ својата победа во главната битка.

Анализирајќи ја практичната реализација на главната битка, односно нејзините карактеристични белези манифестирани во „Заливската војна" од 1991 год. и во војната спрема СРЈ (која сѐ уште е актуелна и незавршена) може да се воочи дека таа има точно утврдена цел и сценарио на водење, со јасно дефинирани фази на подготовка и реализација. Подготвителната фаза, која обично трае подолго од фазата на реализација, во основа опфаќа: разузнувачки дејства, психолошко-пропагандни дејства, планирање и увежбување и доведување и развој на силите и средствата. Фазата на реализција која се планира да трае кратко, главно опфаќа: електорнски дејства и „дејства од отстојание" со употреба на моќните воздухопловни и поморски сили, но и другите сили, вклучувајќи ги тука и бунтовничко-сепаратистичките сили во земјата или надвор од неа. Располагајќи со воена супериорност во однос на кој и да било реален или потенцијален противник[12] (според квалитетот и техничката опременост на силите) САД, самостојно или во рамките на Алијансата оваа фаза ја реализираат со т.н. „дејства од отстојание". Меѓутоа, до колку таа не ги даде очекуваните резултати, тогаш продолжуваат со дејствата на останатите високо софистицирани, организирани, опремени и подвижни сили преку изведување на општ воздухопловно-поморски-копнен напад, со кој се „довршуваат" започнатите дејства, односно се „докрајчува" противникот.

Врз основа на сето досега кажано, стратегискиот принцип на САД и на неговите партнери во главната битка би можел да се дефинира како: веројатност дека до главната битка ќе дојде и дека нејзиниот резултат ќе биде пропорционален со степенот на заштитата на сопствените сили, на кои тие многу се осетливи и ранливи. Имено, само во услови на постоење на изразит „јаз на моќта" меѓу нив и нивниот противник (имаат современи борбени и командно-информациони системи), возможна е главната битка. Во сите други случаи, како што

[12] Според В. Пери, бивш секретар за одбрана на САД, за остварување на целите на националната стратегија и поддршка на надворешната политика на САД, која е сконцентрирана на изградбата на новиот светски поредок, вооружените сили на САД мора да ги извршуваат следните три задачи: одржување на јачината, структурата и борбената готовност според барањата на националната стратегија; одржување на значајно присуство на странски територии, на морињата и океаните, и одржување на можноста за брзо реагирање на предизвиците и водење на т.н. седимензионални операции (Види: William J. Perry, Readiness at a Resonable Cost, „DEFENSE" - 95, No 2, p. 3)

покажуваат досегашните воено-политички искуства од современите војни, водени од крајот на II-та светска војна до денес, доаѓа до т.н. долготрајна војна, чиј резултат и не мора да биде поволен за нив.

***Клучни зборовови:*** *нов свеӣски ӣоредок, сӣраӣеīија, īлобална доминација, моќ, īеоӣолиӣика, инӣерес, īлавна биӣка-цел, објекӣ на дејсӣва, седимензионални оӣерации.*

## SUMMARY

Trajan PANEV

### THE NEW WORLD ORDER AND THE STRATEGY FOR ITS REALIZATION

The realization of the new world's order guided by the USA, in substance, represents a concept of control, ruling and reigning of the USA (in conditions when no global challenger or opponent on the global plan exists), on all key geopolitical areas, except (for now) on the areas of Euro-Asia, Central Asia and China, as well as the most crucial economical, financial, technological, communications, informations, propaganda and media flows in the world. The USA's global political and military power is providing the states to conquer and reign the world with no battle, with so called „soft" and „peaceful" means through its, forceful conforming and amalgamation with the values, institutions, interests and needs of the ruling force of the world and its allies.

The military factor still represents one of the most dominant factors of the behavior of the USA in the international relationships, especially when we talk about the conflict with so called „Third World". Then comes the use of the little forgotten strategy of Clauzevic - The strategy of winning the main battle (military battle), which contains within itself an economic, diplomatic, technical, technological, propaganda and military dimensions. In this global strategy of the USA, particularly important is the US approach to the UN organization, its allies, the allies or the object of action and creating uneven ratio of the forces. The main military battle, when it comes to it, has precisely determined goal and a scenario with clearly defined phases of preparations and realization.